**Врз основа на член 390 од Законот за Трговските друштва, Скопски пазар А.Д. во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија, извоз - увоз Скопје, во врска со јавниот ПОВИК за свикување на Собрание на акционери објавен на ден 06.05.2019 година, врши:**

# ОБЈАВА

1. На барањето на акционерот Современ дом АД Прилеп од Прилеп бр. 03-168 од 08.05.2019 година (примено во Скопски пазар АД на ден 08.05.2019 година, заведено под бр. 03-213 и објавено на сајтот на Скопски пазар АД на ден 13.05.2019 година), со кое акционерот предложи:

- да се вклучи нова точка на дневен ред на Собранието на акционери, свикано со јавен повик објавен во печатениот медиум Слободен печат на ден 06.05.2019 година и тоа точка насловена како:

"Донесување на одлука за приклучување на СКОПСКИ ПАЗАР АД Скопје кон прогонот и предјавување на имотноправно барање во кривичната постапка Кбр.998/18 заведена пред Основен суд Скопје 1 Скопје", со предлог одлука, по која, за вклучувањето на дневен ред да одлучи Собранието на акционери при усвојување на дневниот ред.

2. На дополнителното барање на акционерот Современ дом АД Прилеп од Прилеп бр. 03-174 од 14.05.2019 година (примено во Скопски пазар АД на ден 14.05.2019 година, заведено под бр. 03-221 и објавено на сајтот на Скопски пазар АД на ден 15.05.2019 година), со кое акционерот предложи:

а) да се вклучи нова точка на дневен ред, насловена како : "Избор на членови на Надзорен одбор", со предлог одлуки

б) да се усвојат нови предлог одлуки по следните точки, вклучени во дневниот ред на собранието:

- "Одлука за усвојување на ревидирана годишна сметка со состојба и за годината што завршува на 31.12.2018 година, со предлог Одлука"
- "Одлука за усвојување на ревидирани финансиски извештаи со состојба и за годината што завршува на 31.12.2018 година, со предлог Одлука"
- "Одлука за усвојување на годишниот извештај за работењето на Скопски пазар АД за 2018 година, со предлог Одлука"
- "Одлука за распоредување на неискористени средства од минати години наменети за вложување во инвестициски фондови, со предлог Одлука"
- "Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото на членовите на Управниот одбор за 2018 година, (колективно и поединечно), со предлог Одлуки" и
- "Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото на членовите на Надзорниот одбор за 2018 година, (колективно и поединечно), со предлог Одлуки"

в) иницијатива за измена на Статутот на Скопски пазар АД, со предлози и образложение, на начин што Управниот одбор на Друштвото ќе утврди нов, изменет и дополнет текст на Одлуката за измена на статутот која се предлага во усвојување на претстојното годишно собрание на акционери.

3. На барање на акционерот Сашо Давитковски од Скопје, поднесено и примено во Скопски пазар АД на ден 14.05.2019 година, заведено под бр. 03-222 и објавено на сајтот на Скопски пазар АД на ден 15.05.2019 година, со кое акционерот предложи:

- иницијатива за измена на Статутот на Скопски пазар АД, со образложение и предлог предложените измени Управниот одбор на Друштвото да ги утврди како Предлог одлука за измена на статутот, која да биде ставена на гласање на закажаното Собрание на акционери кое ќе се одржи на ден 07.06.2019 година и тоа како дополнителна Одлука кон веќе поставената точка на дневен ред за донесување на Одлука за измена на статутот на Друштвото Скопски пазар АД Скопје.

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото е должен да го пријави своето учество најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите се вршат во Дирекцијата на Друштвото (ул."Ѓорче Петров" бр. 7 во трговско - административниот центар СП Планет, кат 2 - канцеларија на директорот за финансии) Доколку пријавувањето е непосредно пред почетокот на седницата на Собранието, пријавувањето се врши во Дирекцијата на Скопски пазар А.Д. Скопје на ул. "Ѓорче Петров бр. 7" заден влез во дирекција на кат 2 во салата за едукации-Скопје.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Право на учество во работата и право на глас во собранието има секој акционер лично или од него овластено лице кое ќе го застапува на собранието, со писмено полномошно, за што мора да го извести Друштвото по писмен пат или електронски. Податок за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на посебен линк на интернет страницата на Друштвото www.skopskipazar.com.mk

**СКОПСКИ ПАЗАР АД**